Врз основа на член 23 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка"), а согласно Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Крива Паланка за 2026 година, Меморандумот за соработка за имплементација на проектот „Интегрирање на родовата перспектива во обезбедувањето на локални услуги во Југоисточна Европа преку НАЛАС", како и проектните активности поддржани од НАЛАС и ЗЕЛС, а финансирани од UN WOMEN, а врз основа на Записникот на Комисијата за разгледување и оценување на пристигнатите видеа по Наградниот конкурс за изработка на кратки видеа на тема „Реката не е депонија – твојата одлука прави разлика", Градоначалникот на Општина Крива Паланка донесува

## РЕШЕНИЕ
## за утврдување на добитниците на наградите по Наградниот конкурс за изработка на кратки видеа на тема „Реката не е депонија – твојата одлука прави разлика"

Член 1

Согласно Записникот на Комисијата за разгледување и оценување на пристигнатите видеа по Наградниот конкурс за изработка на кратки видеа на тема „Реката не е депонија – твојата одлука прави разлика", се утврдуваат добитниците на наградите наведени во ова Решение.

Член 2

Согласно резултатите утврдени од Комисијата, за добитници на наградите се утврдуваат:

**Прва награда** – видео со наслов:
„**Реката не заслужува ѓубре таа за нас е живот**" – 100 бодови;
**Втора награда** – видео со наслов:
„**Ајде да дејствуваме водата да не ја загадуваме**" – 90 бодови;
**Трета награда** – видео со наслов:
„**Чиста река, здрава иднина**" – 80 бодови.

Добитниците на наградите се идентификуваат согласно доставените пријави, изјави и согласности кои се составен дел од конкурсната документација.

Член 3

Во случај на доделување награда на малолетен учесник, исплатата на наградата ќе се изврши на трансакциска сметка на родителот / старателот.



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

Доколку наградено видео е изработено од група учесници, групата е должна да определи еден претставник, а исплатата ќе се изврши на трансакциска сметка на родителот/старателот на претставникот на групата. Општина Крива Паланка нема обврска за понатамошна распределба на средствата помеѓу членовите на групата.

Општина Крива Паланка ги спроведе активностите поврзани со објавувањето на Наградниот конкурс, разгледувањето и оценувањето на пристигнатите видеа и утврдувањето на добитниците на наградите.
Исплатата на наградите ќе се реализира согласно проектните активности и договорите склучени за реализација на проектот.

Член 4

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

Доставено до:
- Архива
- Комисија за разгледување и оценување на пристигнатите видеа
- Општински координатор на проектот
- Проектен координатор на проектот „Интегрирање на родовата перспектива во обезбедувањето на локални услуги во Југоисточна Европа преку НАЛАС"-
- Економски оператор ангажиран за реализација на проектните активности, за понатамошно постапување согласно проектните активности и склучените договори